Отворен е конкурс за **млади соработници, потенцијални кандидати за испорачатели на услуги** во рамки на проектот **Пристап на Ромите до Фондови** (ПРФ) Македонија, кој се спроведува од Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и Иницијатива за социјална промена (ИнСоК), како дел од програмата „Да се направи максимум со фондовите на ЕУ за Ромите“ (МтМ) на Фондацијата Институт Отворено Општество, Будимпешта. Ангажманот на младите соработници е за период од 10 месеци. Целта на ангажманот е поддршка на сениор консултантите во процесот на работа со “корисниците“ и во процесот на **развој на предлог проекти во корист на Ромите за финансирање од ЕУ и други фондови**. Под „корисници“ во ПРФ се подразбираат организации кои конкурираат со проекти за ЕУ фондови независно или во партнерство, вклучително централни и/или локални институции, јавни услужни организации, формални и/или неформални организации на граѓанското општество (особено ромски), меѓународни организации и приватни претпријатија.

Од избраните кандидати се очекуваат следните **резултати**:

- активно и успешно учество на обука за подготовка на проекти и успешно одработена задача која ќе им биде дадена на кандидатите
- подддршка на најмалку 3 целосно развиени и аплицирани проекти на ЕУ и други фондови (работа заедно со сениор консултант)

Кандидатите за треба да ги исполнуваат следните **барања**:

- универзитетско образование, препорачливо во соодветна област, како управување, јавна администрација, итн; кандидати со пониско образование можат да бидат земени во предвид доколку имаат докажно соодветно искуство од најмалку 3 години;
- напредно познавање и вештини за проектно спроведување и најмалку 3 години докажано искуство во проектно спроведување (планирање, спроведување и набљудување);
- најмалку 1 година докажано искуство во учество на процеси на планирање (со учество на засегнати страни);
- напредно познавање на македонски и англиски јазик; познавање на други локални јазици ќе се смета за предност;
- знаење и разбирање на состојбата на ромската заедница, политиките насочени кон Ромите, други соодветни јавни политики, како и процесот на пристап кон ЕУ; познавање од ЕУ финансирање ќе се смета за предност;

- предност ќе биде дадена на кандидатите кои припаѓаат на ранливи групи, вклучително Роми, жени, итн.

Заинтересираните кандидати треба да достават **работна биографија во формат на ЕУ и мотивационо писмо од една страница**
(двата документи на англиски јазик и со вклучени контакт информации) најдоцна до
**10 март 2014**
по електронска пошта на следната адреса: insoc@insoc.org.mk. Селекцијата на кандидатите се состои од два дела: 1) врз основа на доставени документи успешните кандидати ќе бидат поканети на обука и изработка на задача; 2) врз основа на учеството на обуката и успехот на завршената задача ќе биде направен конечен избор. Успешните кандидати ќе бидат информирани најдоцна до 31 март 2014 г.